# ЗАПИСНИК

од 5-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
Скопје, 4 декември, 2023 г.

**Присутни**:
Ридван Ибраими (Градоначалник на Општина Арачиново), Звонко Пекевски (Градоначалник на Општина Берово), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Бесник Емши (Градоначалник на Општина Боговиње), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Славе Андонов (Градоначалник на Општина Василево), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Миле Петков (Градоначалник на Општина Виница), Дијана Илиевска, (Претседател на Совет на Општина Гази Баба), Зоран Крајоски, (со овластување од Арбен Таравари, Градоначалник на Општина Гостивар), Киро Нацков (Градоначалник на Општина Градско), Хекуран Дука (Градоначалник на Општина Дебар), Никола Најдовски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Славчо Мисајлески (со овластување од Александар Стојкоски, Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Бујар Сулејмани (со овластување од Бљерим Седи, Градоначалник на Општина Желино), Коста Маневски (Градоначалник на Општина Зелениково), Борчо Коцев (Градоначалник на Општина Зрновци), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден), Димитар Костадиноски ( Градоначалник на Општина Јегуновце), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Драган Ананиев (со овластување од Љупчо Папазов, Градоначалник на Општина Кочани), Тодорче Николовски (Градоначалник на Општина Кратово), Сашко Митоски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Николче Мискоски (Градоначалник на Општина Кривогаштани), Томе Христоски (Градоначалник на Општина Крушево), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Димчо Атанасовски (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Драганчо Саботковски (Градоначалник на Општина Могила), Горан Стојанов (Градоначалник на Општина Неготино), Стевче Стевановски (Градоначалник на Општина Новаци), Борче Митевски (Градоначалник на Општина Петровец), Александар Китански (Градоначалник на Општина Пехчево), Алија Јаоски (Градоначалник на Општина Пласница), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Борче Спасовски (Градоначалник на Општина Ранковце), Васко Јовановски (со овластсување од Јован Тозиевски, градоначалник на Општина Ресен), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе), Стефче Трпковски (Градоначалник на Општина Сопиште), Бобан Цветановски (заменик градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Александар Ненчев (со овластување од Костадин Костадинов, градоначалник на Општина Струмица), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Аријан Ибраим (Градоначалник на Општина Центар Жупа), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Горан Стојановски (Градоначалник на Општина Чашка), Иван Јорданов (Градоначалник на Општина Штип), Курто Дудуш (Градоначалник на Општина Шуто Оризари), Трајко Славески (Претседател на Совет на Град Скопје), Изабела Павловска (Претседател на Совет на Општина Крива Паланка), Габриела Илиевска (Претседател на Совет на Општина Битола), Иван Живковски (Претседател на Совет на Општина Кисела Вода), Зоран Љутков ( Претседател на Совет на Општина Велес), Гоце Попов (Претседател на Совет на Општина Делчево).

**Дискусија**:

Генералното собрание констатираше дека на седницата се присутни 61 делегат со што овој орган на ЗЕЛС може полноправно да одлучува.

Претседателот на ЗЕЛС предложи измена на предложениот Дневен ред со додавање на нова точка: Обраќање на Претседателот на СОНК г. Јаким Неделков на Генералното Собрание. Беше предложено оваа точка да биде прва, а останатите точки од предложениот Дневен ред да се поместат последователно.

Генералното собрание го усвои и расправаше по следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Обраќање на Претседателот на СОНК г. Јаким Неделков на Генералното собрание на ЗЕЛС
2. Разгледување на ЗАПИСНИКОТ од 4-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
3. Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС на Генералното Собрание;
4. Одлука за усвојување на финансискиот план на ЗЕЛС (буџет на ЗЕЛС за 2024 г. ) и Планот на активности (Акциски план) на ЗЕЛС за 2024 г.
5. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Обраќање на Претседателот на СОНК г. Јаким Неделков на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Пред Генералното собрание на ЗЕЛС се обрати Претседателот на СОНК, г. Јаким Неделков кој ги извести присутните делегати за потребата од тесна соработка помеѓу оваа организација и единиците на локалната самоуправа, особено што со склучениот Колективен договор се наметнуваат огромни обврски кон општините во својство на работодавачи за вработените чии права се гарантирани со овој акт. Целта на ова обраќање е општините да бидат во тек, да не бидат затекнати, но и да преземат мерки за обезбедување на дополнителни средства кои по сила на овој акт ќе им следат на вработените во образованието и културата како дел од установите кои се во надлежност на општините. Од страна на СОНК беше изразена подготвеност во претстојниот период тесно да се соработува со ЗЕЛС за да може во текот на 2024 година да нема пречки во примената на колективниот договор.

Од страна на Претседателот на ЗЕЛС беше укажано дека општините не се вклучени во процесот на усогласување на одредбите на колективниот договор, кој во име на работодавач го склучила Владата на Република Северна Македонија и која со истиот наметнува финансиски обврски за буџетите на општините, во исто време кога за оваа намена не се обезбедени дополнителни трансфери на средства со буџетот во форма на дотации за општините.

ЗАЛУЧОК: Генералното собрание на ЗЕЛС заклучи дека ја поддржува иницијативата за соработка од страна на СОНК и укажува на потребата за взаемно и усогласено претставување на проблемите пред Владата до која двете организации ќе се обратат со единствено барање за укажување на претстојните проблеми поврзани со недоволните финансиски средства кај општините за целосна примена на одредбите од колективниот договор.

СОНК во претстојниот период ќе достави предлог текст на документ кој ќе биде усогласен и дополнет од страна на ЗЕЛС за истиот да биде испратен од страна на двете организации до Владата на Република Северна Македонија.

**ВТОРА ТОЧКА**: Разгледување на ЗАПИСНИКОТ од 4-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС

Генералното собрание отвори дискусија во однос на Записникот од претходната, 4-та седница на овој орган на ЗЕЛС.

**ЗАКЛУЧОК**: Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно ја усвои содржината на Записникот од претходната, 4-та седница на овој орган на ЗЕЛС без забелешки.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС на Генералното Собрание;

Претседателот на ЗЕЛС, г. Орце Ѓорѓиевски, се обрати на присутните делегати на Генералното собрание на ЗЕЛС информирајќи ги за преземените активности во текот на 2023 г. и предизвиците со кои се соочуваа општините во текот на изминатата година.

Тој особено го истакна проблемот со недоволните средства за образованието, противпожарната заштита, недоволната соработка со Владата, но го истакна и проблемот со неажурното плаќање на членарината кон ЗЕЛС. Поврзано со последното, тој истакна дека во неколку наврати на седниците на ЗЕЛС е отворено прашањето за редовното плаќање на членарината кон ЗЕЛС, а според евиденциите, општините на ЗЕЛС му должат речиси еден цел годишен буџет, па истото го поврза со сервисите кои општините ги добиваат од ЗЕЛС а особено електронските системи преку кои се спроведуваат постапките за издавање на одобренија за градење, располагање со градежното земјиште, како и системот за располагање со движни и недвижни ствари кои општините ги добиваат бесплатно од ЗЕЛС. Претседателот истакна и дека во текот на изминатата година се реализирани значителен број на обуки, советувања, консултации со општините, а општините од страна на ЗЕЛС се информирани за можностите за аплицирање на проекти кои се во нивен интерес. ЗЕЛС лобира за интересот на општините, а благодарение на успешното застапување, со ребалансот на буџетот се предвидени дополнителни средства за противпожарната заштита. ВО текот на 2023 година, ЗЕЛС е вклучен во реализација на повеќе регионални проекти, а понатаму се спроведува проектот за сертификација на општините со БФЦ (сертификат за поволно деловно опкружување) што во голема мера им помага на општините да привлечат домашни и странски инвеститори заради поголема социјална кохезија и намалување на невработеноста. Во тек е и интензивна комуникација со државните органи за воведување на систем на електронска наплата на данокот на имот, а за податоците за сопствениците на имот како даночни обврзници упатено е барање до Владата да донесе одлука за овозможување на податоците од Агенцијата за катастар на општините заради ефикасна наплата на данокот на имот. Претседателот ја истакна децентрализацијата како политички неминовен процес и изрази жалење дека со овој процес се стагнира изминатите неколку години, но ги извести делегатите и дека во рамките на ЗКК (Заедничкиот консултативен комитет на Република Северна Македонија со Комитетот на регионите на Европската унија) беше побарано да се воведе нов кластер во текот на преговорите кој ќе го услови и мери степенот на децентрализација во нашата држава. На крај, тој во име на ЗЕЛС изрази незадоволство што ЗЕЛС нема тесна соработка со Владата која никогаш во минатото не била на толку ниско ниво, а како пример го посочи и текстот на Предлог – Меморандумот за соработка кој, иако усогласен и подготвен за взаемно потпишување, сеуште, речиси две години, не се потпишува од страна на нашата Влада.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на финансискиот план на ЗЕЛС (буџет на ЗЕЛС за 2024 г. ) и Планот на активности (Акциски план) на ЗЕЛС за 2024 г.

Генералното собрание отвори дискусија во однос на Финансискиот план на ЗЕЛС (буџет на ЗЕЛС за 2024 г. ) и Планот на активности (Акциски план) на ЗЕЛС за 2024 г. кои во форма на нацрт – документи се доставени како материјали за оваа седница.

Обата документи детално ги образложи пред присутните делегати Извршниот директор на ЗЕЛС г-ѓа Душица Перишиќ.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание едногласно го усвои Финансискиот план на ЗЕЛС (буџет на ЗЕЛС за 2024 г. )

**ОДЛУКА**: Генералното собрание едногласно го усвои Планот на активности (Акциски план) на ЗЕЛС за 2024 г.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Разно

На присутните делегати им се обрати Потпретседателот на ЗЕЛС, г. Висар Ганиу, кој извести за состанокот кој го имаше со тројца министри и претставници на донаторската заедница, околу дигитализацијата и можностите за развој на дигитални сервиси кон граѓаните. Тој информираше дека на состанокот уште еднаш ја нагласил потребата од координиран настап на сите чинители во инвестициите во електронски сервиси за граѓаните и важноста за поголемо фокусирање кон локалната власт. Потребно е да се определат повеќе средства заради модернизација на услугите и сервисите кои општините ги пружаат, а со што ќе се зголеми и ефикасноста и транспарентноста на општините, односно на општинската администрација во нашата држава и ќе се намалат трошоците на општините за испорака на услугите.

На присутните им се обрати и градоначалникот на општина Радовиш, Ацо Ристов, кој пред делегатите го изрази своето незадоволство од односот на Владата кон општините и кон ЗЕЛС, укажувајќи дека постои неподготвеност за соработка, дека Владата сама донесува одлуки баз да бидат консултирани општините преку ЗЕЛС, а дека со прописите се утврдуваат дополнителни обврски за општините кои не ги следи буџетот на државата за со истиот да бидат обезбедени дополнителни финансиски средства за да можат општините истите да ги исполнуваат без пречки.

**На ден 4 декември, 2023 г. во Скопје**

**Составил:**
Стручна служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**